# ЛАФ - МУАБЕТ

## РОДИТЕЛИТЕ НА ЦРВЕНИОТ КИЛИМ (III дел)



Каква мајка - таква ќерка. Оваа констатација несомнено важи и за Кејт Хадсон и нејзината мајка Голди Хоун. Убавиот изглед и неверојатниот шарм Хадсон очигледно ги наследила од мајка ѝ..



Бунтовното момче Колин Фарел секогаш е нежен и внимателен кон својата мајка Рита, за која вели дека сè уште се грижи за него кога престојува во родниот Даблин.

## ТРАНСФОРМАЦИИТЕ НА ПОЗНАТИТЕ

Неодамна во Лондон, познатата рокенрол мајка Шерон Озборн се појави со нова посветла варијанта на косата, отстапувајќи од стандардно црно-црвената.





Иако Бритни Марфи важи за девојка која "игра на сигурно" кога станува збор за нејзината коса, овој пат таа се реши за смел чекор и од "бринета" стана "плавуша".

Младата надежна актерка Хилари Даф секогаш сигурно и самоуверено експериментира со својата коса. Сега се одлучи за потемна варијанта, која прекрасно ѝ стои.





Менди Мур е девојка на која многу често ѝ здодева една боја на косата. Така, неодамна во Лос Анџелес, Мур повторно ѝ се врати на "плавата" нијанса, која по сè изгледа најдобро ѝ стои.



Мерлин О'Конор, мајката на годинашниот оскаровец Филип Сејмор Хофман, е една од најзаслужните за неговиот успех. Како самохрана мајка таа силно верувала во талентот на нејзиниот син и уште од најрана возраст го носела на театарски претстави.



За својот успех, како на професионален така и на приватен план, Ума Турман, бескрајно им е благодарна на своите родители, Нина и Роберт.

Подготвила:
**Ружица ГОЧЕВСКА**